РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ-БАС
Бр. 0201-220/1
21.12.2023 год.
СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК

од седницата на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Бизнис академија Смилевски-БАС одржана на 21.12.2023 година

Одборот за соработка и доверба со јавноста на БАС, на својата седница одржана на 21.12.2023 година ги разгледа следните точки:

1. Анализа на искуствата од тековната реализација на тековните студиски програми по Бизнис менаџмент на прв циклус и Стратегиски менаџмент на втор циклус.
2. Разгледување на елаборатот на предложената студиска програма по Бизнис менаџмент на прв циклус на студии на БАС.
3. Разгледување на елаборатот на предложената студиска програма по Стратегиски менаџмент на втор циклус на студии на БАС.

На седницата присутни беа сите членови на Одборот.

Седницата ја отвори претседателот проф. д-р Цветко Смилевски.

1. По првата точка се разви богата дискусија од сите присутни за досегашните искуства од реализацијата на студиската програма по Бизнис Менаџмент на првиот циклус и Стратегиски менаџмент на вториот циклус на студии.

Како јаки страни од реализацијата на двете студиски програми, членовите на Одборот ги наведоа:

- ✓ Големиот процент на вработувањата на завршените генерации на студенти по нивното дипломирање во организации од различни дејности.
- ✓ Голем број на студенти напредуваат во својата кариера на повисоки менаџерските нивоа.
- ✓ Постои заинтересираност на бизнис секторот за ваквите кадри: Дипломиран бизнис менаџер и Специјалист по Стратегиски менаџмент.

- ✓ Квалитетна реализација на теренската студенска практика каде се спојуваат теоријата со практиката.
- ✓ Подобрена видливоста на БАС во окружувањето
- ✓ Подобрена соработките со средните стручни училишта, партнерските организации и бизнис секторот.
- ✓ Реализацијата на студиските престои преку Еразмус + на студентите и наставниците.
- ✓ Реализација на ИПА проекти со Република Грција

Одборот како препорака даде да се продолжи со образување на ваквите кадри кои се потребни за бизнис, јавниот и невладиниот сектор.

2. По втората точка Одборот за соработка и доверба со јавноста на БАС го разгледа Елаборатот за предложената студиска програма за акредитација на прв циклус на студии на БАС по Бизнис менаџмент.

Врз основа на деталното разгледување на приложениот елаборат, Одборот за соработка и доверба со јавноста на БАС даде едногласно позитивно мислење за општествената оправданост на студиската програма по Бизнис менаџмент на прв циклус на студии на Бизнис академија Смилевски – БАС, со времетраење од 3 (три) години и стекнување на 180 ЕКТС кредити и и стекнување на назив Дипломиран бизнис менаџер.

3. По третата точка Одборот за соработка и доверба со јавноста на БАС го разгледа Елаборатот за предложената студиска програми за акредитација на втор циклус на студии на БАС по Стратегиски менаџмент.

Врз основа на деталното разгледување на приложениот елаборат, Одборот за соработка и доверба со јавноста на БАС даде едногласно позитивно мислење за општествената оправданост на студиската програма по Стратегиски менаџмент на втор циклус на студии на Бизнис академија Смилевски – БАС, со времетраење од 1 (една) година и стекнување на 60 ЕКТС кредити и стекнување на назив Специјалист по Стратегиски менаџмент.

**Членови на одборот за соработка и доверба со јавноста на БАС:**

**Проф. д-р Цветко Смилевски - претседател**
Претставник на основачите на БАС

________________________________

**Членови:**

**М-р Мирко Велковски**
Претседател на Регионалната Стопанска комора во Битола и сопственик на Хемометал, Битола

________________________________

**Жарко Трајков, МБА**
Директор на Центарот за неформално образование „Триаголник“, Скопје

________________________________

**Клаудија Лутовска, МБА**
Сопственик на СЕТТИМ Консалтинг Битола и Претседател на невладината организација СЕМАК Битола

________________________________

**Горан Ѓорѓиевски, МБА**
Менаџер за човечки ресурси и логистика, Сведчарге ДООЕЛ Скопје.

________________________________